Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

# Извештај за постапувањето на КСЗД по претставки за заштита од дискриминација

## период јануари-март 2024 година

Скопје, април 2024 година

136

физички и правни лица поднеле претставка до КСЗД за заштита од дискриминација

13

случаи на утврдена дискриминација во периодот од јануари до март 2024 година

*Изразите во овој извештај кои имаат родово значење се однесуваат подеднакво на машкиот и женскиот род*

# ПРЕДМЕТИ ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА




Во првиот квартал на 2024 година, до КСЗД се доставени 136 претставки*, и тоа 121 од физички лица и 15 од правни лица.

Во споредба со истиот период во 2023 година, бројот на поднесени претставки е зголемен за 49,45%.




Од подносителите физички лица 23 не доставиле податок за припадноста на пол. Од оние кои доставиле, 53 (54,08%) биле жени и 45 (45,92%) биле мажи.




Во однос на националната припадност, 28 граѓани не се изјасниле. Од оние кои се изјасниле 70 биле Македонци, 14 Албанци, четири Власи, двајца Роми, еден Бошњак, еден Турчин и еден Србин.




Во поглед на возраста, најмногу претставки се поднесени од граѓани на возраст 41-50 години (35 претставки) и 31-40 години (32 претставки). Поднесени се и три претставки од родители во име на нивните деца.
Податок за нивната возраст не доставиле 22 подносители на претставки.

*56 од примените нови претставки во 1-от квартал во 2024 година се однесуваат на ист дискриминаторски настан заради што КСЗД ги спои во една постапка за заштита од дискриминација. Демографските податоци за подносителите се прикажани за сите 56 претставки.

## МАПА НА ПОДНЕСЕНИТЕ ПРЕТСТАВКИ



59 претставки поднеле граѓани/правни лица од Скопје. Потоа следат:

- по шест од Битола, Гостивар, Куманово, Прилеп и Тетово
- по четири од Велес и Кичево
- по три од Кавадарци и Крушево
- по две од Арачиново, Брвеница, Демир Хисар, Кочани, Неготино, Охрид и Ранковце
- по една претставка од Штип, Берово, Василево, Дебар, Демир Капија, Кратово, Крива Паланка, Македонска Каменица, Македонски брод, Радовиш, Ресен, Росоман, Струмица и Теарце.

Две претставки се поднесени од граѓанска организација со седиште во Белгија, а двајца подносители на претставки не доставиле адресен податок.

## ДОНЕСЕНИ ОДЛУКИ НА КСЗД ВО ПРВИОТ КВАРТАЛ НА 2024




Во првото тримесечје на 2024 година, КСЗД донесе вкупно 75 одлуки по предмети за заштита од дискриминација.

Донесени се 45 мислења од кои во 13 случаи се утврди дискриминација, а во 32 не се утврди дискриминација.

Се отфрлиле, односно не се постапувало или била запрена постапката по 30 претставки.

Заклучно со 31 март 2024 година, бројот на тековни постапки изнесува 81.

# УТВРДЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА

## Видови на утврдена дискриминација




Вознемирување и индиректна дискриминација се најчесто утврдени видови во 1-от квартал на 2024 година. Утврдени се и случаи на повикување, поттикнување и инструкција на дискриминација, директна дискриминација и сегрегација.
Во три од случаите се утврди дискриминација од потежок облик, и тоа: два случаи на индиректна повеќекратна дискриминација и еден случај на продолжена дискриминација и продолжено вознемирување.

## Основи на утврдена дискриминација




Во 13-те случаи на дискриминација, КСЗД утврди повреда на правото на еднаквост врз 13 различни основи. Во осум случаи се утврди дискриминација сторена врз две или повеќе основи. Лично својство и општествен статус е најчеста утврдена основа на дискриминација во 1-от квартал на 2024 година. Потоа следат: родов идентитет, етничка припадност, род, сексуална ориентација, припадност на маргинализирана група, имотен статус, раса, боја на кожа, социјално потекло и политичко уверување. Утврдени се и два случаи на дискриминација врз друга основа: вид на заснованост на работниот однос и вршење на синдикална функција.

## Области на утврдена дискриминација




Најмногу случаи на дискриминација во 1-от квартал на 2024 година, биле утврдени во областа на работата и работните односи. КСЗД утврди дискриминација и во областите образование, наука и спорт, јавно информирање и медиуми (социјални мрежи) и членување и дејствување во синдикални организации. Во три од случаите утврдена е дискриминација сторена во две области.

# СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

**Индиректна дискриминација врз лекарите специјалисти од приватните здравствени установи - не можат да вршат високообразовна и научно-истражувачка дејност**

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди **индиректна дискриминација во областа на науката и работните односи**, која произлегува од Законот за виското образование. Истата беше детектирана во членот 174, кој содржи навидум неутрален критериум за засновање на двоен работен однос, од една страна со приватна здравствена установа и од друга страна, со јавна високообразовна установа. Засегнатите се специјалисти доктори по медицина, вработени во приватни здравствени установи со стекнати наставно-научни титули, а кои не можат да вршат високообразовна и научно-истражувачка дејност во јавна високообразовна установа, исклучиво заради видот на заснованиот работен однос во приватна здравствена установа.

Комисијата му препорача на Министерството за образование и наука да иницира измени и дополнување на членот 174 од Законот за високото образование, со цел отстранување на нееднаквиот третман кон засегнатата група доктори по медицина, со што ќе им се овозможи засновање на двоен работен однос со приватна здравствена установа и јавна високообразовна установа. На тој начин ќе им се овозможи на докторите специјалисти, вработени во приватните здравствени установи, да вршат високообразовна и научно-истражувачка дејност на еднаква основа, како и лекарите кои се вработени во јавните здравствени установи.

**Повеќекратна индиректна дискриминација кон учениците – „Куќен ред“ за облекување и надворешен изглед**

Во постапка, отворена по службена должност, а подоцна и по поднесени претставки, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди **повеќекратна индиректна дискриминација врз основа на род, родов идентитет, лично својство и имотна состојба во областа образование,** од страна на неколку средни училишта, а која произлезе од донесените одредби на Куќниот ред на училиштета и се однесува на надворешниот изглед на учениците. Училиштата, со Куќниот ред им забрануваат пристап на учениците во училиште со долги нокти, пирсеви, маици на прерамки, хеланки, бермуди, кратки пантолони, кратки маици, искинати фармерки, тренерки и кратки здолништа.

Во недостаток на легитимна и оправдана цел на училиштата за носење на ваков интерен акт, а повикувајќи се на одредби од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Конвенцијата за правата на децата, Универзалната декларација за човекови права, Меѓународниот пакт за економски, културни и социјални права и Конвенцијата против дискриминација во образованието, КСЗД им препорача на училиштата, во рок од 30 дена да извршат измени и дополнувања на Куќниот ред и останатите подзаконски акти, со изменување на правилата за надворешниот изглед на учениците, а со цел отстранување на извршената индиректна дискриминација, но и воздржување во иднина од носење на подзаконски акти кои може да предизвикаат било каков вид дискриминација.

Препораката од Комисијата беше во целост исполнета во законскиот рок.

ул. „Даме Груев“ бр. 1, 1000 Скопје

+ 389 23 232 368
+ 389 23 216 892

contact@kszd.com
www.kszd.mk